Пакет за извоз за компании од Западен Балкан

AHK
Delegation der Deutschen Wirtschaft in Nordmazedonien
Делегација на германското стопанство во Северна Македонија

Кои сме ние

Германските стопански комори во странство (АХК) се партнери на германската економија кога станува збор за пристап до странските пазари.

Тие нудат услуги за поддршка на компаниите на 140 локации во 92 земји ширум светот. Во зависност од законските и економските рамковни услови во земјите домаќини, Германските стопански комори дејствуваат како билатерални стопански комори во странство, како Делегации или Претставништва на германската економија.

Германските стопански комори во странство се добро вмрежени во Германија, но и во земјите домаќини. Најважните партнери во Германија се Индустриските и трговските комори (IHK), стручните здруженија како и државните институции за унапредување на надворешната трговија. Во земјите домаќини, Германските стопански комори се значајни контакти за бизнис заедницата, политиката и администрација.

Директорот на Делегацијата на германското стопанство ја претставува германската економија во Северна Македонија. Како официјален претставник на германската економија во Северна Македонија, Делегацијата со своите 15 вработени, ги поддржува економските активности на германските компании во Северна Македонија како и на македонските компании во Германија.

Под брендот за услуги DEinternational, им обезбедуваме на компаниите ширум светот професионални совети и поддршка за успешен развој и проширување на нивните деловни активности во странство.

Германските стопански комори во странство и Делегациите имаат долгогодишно искуство на странски пазари и се достапни како партнери за започнување на деловни активности на нови пазари. Ова особено е значајно за мали и средни компании на кои им нудат целосно фокусирање на клиентот, експерти за пазарот, транспарентност како и сите предности со кои може да се стекнат компаниите од глобалната мрежа на германските комори.

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија
Бул. ВМРО 1
МК-1000 Скопје
Тел. +389 2 3296 785
https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

Модул 1
Скрининг на рамковните услови на компанијата од Северна Македонија / Албанија / Косово

ДОБИВАТЕ ИНДИВИДУАЛНА АНАЛИЗА ЗА ПАЗАРОТ КАКО И ЗА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА НА ПРОИЗВОД ИЛИ УСЛУГА КОЈА ЈА НУДИ ВАШАТА КОМПАНИЈА

Скрининг на Вашето претпријатие

- Од нас ќе добиете прашалник за реализација на царинските постапки, сертификацијата и нормите од областа на извозот во Германија
- Се проверува способноста за извоз на Вашето претпријатие врз основа на претходните учества на саеми и се евалуира постоечката продажба во странство
- Вршиме превод на профилот на Вашата фирма на германски јазик
- Делегацијата обезбедува Тековна состојба и Изјава за бонитет за Вашето друштво од Трговскиот Регистар и ја преведува на германски јазик

Модул 2
Обука на добавувач

ОБУКА ЗА ИЗВОЗ НА ВАШЕТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ПРЕКУ СЕМИНАРИ, КОИ ГИ ОРГАНИЗИРА ДЕЛЕГАЦИЈА НА ГЕРМАНСКОТО СТОПАНСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Обука на семинар

- Понуда за обука за сертифицирање, норми и царински постапки во поглед на Германија
- Финансирање на извоз

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија
Бул. ВМРО 1
МК-1000 Скопје
Тел. +389 2 3296 785
https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

Модул 3
Виртуелен совет на експерти

НУДИМЕ СОВЕТУВАЊЕ СО ЕКСПЕРТИ КОИ РАБОТАТ НА ГЕРМАНСКИОТ ПАЗАР, СОСТАНОКОТ ГО ОРГАНИЗИРАМЕ ONLINE ПРЕКУ MICROSOFT TEAMS, ЕКСПЕРТОТ ВРШИ АНАЛИЗА НА ПРОФИЛОТ НА ВАШЕТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Обука на семинар

- Советот на експерти се состои од водечки личности во индустријата во Сојузите во Германија
- Кратка презентација на Вашите производи или услуги пред Советот на експерти
- Советот на експерти ја проценува способноста на Вашето претпријатие да извезува

Модул 4
Наоѓање деловни партнери и посредување

ЗА ВАС БАРАМЕ ГЕРМАНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ БИ БИЛЕ ПОТЕНЦИЈАЛЕН КУПУВАЧ НА ВАШИТЕ ПРОИЗВОДИ / УСЛУГИ

Обука на семинар

- По добиена позитивна одлука од Советот на експерти, Ви нудиме можност да се претставите и да дадете брза понуда (pitch)
- Ви ги претставуваме потенцијалните клиенти и трговци во Германија
- За Вас ги анализираме потенцијалните германски клиенти
- Ви нудиме правно советување и срочување договори (договори за испорака т.е. за давање услуги со германските клиенти)

Ви нудиме, Вашето претпријатие да биде вметнато во порталот на добавувачи.

Sourcing и B2B платформа за набавки, синџир на добавување (Supply Chain) и логистика: https://www.lieferanten-serbien.com/

Ви нудиме, Вашето претпријатие да биде внесено во германска B2B платформа за набавки, синџир на добавување и логистика: https://www.bmeopensourcing.com/

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија
Бул. ВМРО 1
МК-1000 Скопје
Тел. +389 2 3296 785
https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

Предности:

Ви нудиме презентација целно насочена кон купувачите:

- Ве поврзуваме директно со Вашата целна група во Германија- со повеќе од 9.750 претпријатија - членки на Сојузот за набавки, материјално стопанство, синџир за добавување и логистика и други чинители од оваа област во Германија
- Преку Вашиот профил ќе учествувате во етаблирана платформа на добавувачи со висок степен на препознатливост

Целна група:

- Клучни корисници:
  Околу 9.750 купувачи од Сојузот, кои застапуваат волумен на набавки од 1,25 милијарди евра годишно и други набавувачи од Австрија и Швајцарија и други држави
- Работни позиции на членовите на Сојузот:
  - 80% Раководители на одделение
  - Раководители на набавки
  - Менаџери на синџир на добавување
  - Раководители на логистика
  - Управители
  - Членови на Управен одбор или сопственици
- Бранши на членовите на Сојузот:
  - 60% од индустријата / преработувачката индустрија со фокус на машински инженеринг
  - изградба на возила
  - производство на метали
  - хемија и пластика
  - 26% од услужниот сектор
  - транспорт
  - сообраќај
  - логистика
  - ИКТ и финансиски услуги

Поддршка при Вашето учество на саем:

- Поддршка на Вашето претпријатие ако сакате да се претстави на меѓународни стручни саеми во Германија
- Советување при изборот на соодветниот саемски настан во Германија

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија
Бул. ВМРО 1
МК-1000 Скопје
Тел. +389 2 3296 785
https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

Модул 5
Виртуелен состанок

СЕ ИЗБИРААТ ГЕРМАНСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ БИЛЕ ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА И КОИ ПОКАЖАЛЕ ИНТЕРЕС, А ПОТОА СЕ ОРГАНИЗИРА И ВЕБИНАР СО ВАС, НА КОЈ УЧЕСТВУВААТ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ГЕРМАНСКОТО СТОПАНСТВО

Примена на збогатена реалност (Augmented Reality)

Претставување на Вашето претпријатие со примена на збогатена реалност (Augmented Reality):

Со употребата на очила за збогатена реалност (Augmented Reality) или smart glasses, им овозможуваме на Вашите потенцијални германски клиенти да направат проверка на квалитетот во Вашето претпријатие.

Клиентот седи во Германија на неговиот лаптоп или мобилен телефон и со пренос во живо преку очилата на вработениот во Делегацијата на германското стопанство ја разгледува компанијата и директно комуницира со потенцијалниот македонски / албански / косовски производител / давател на услуги.

Воедно, германскиот клиент има можност и да испраќа до очилата директни упатства, податоци, датотеки, слики или други информации.

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија
Бул. ВМРО 1
МК-1000 Скопје
Тел. +389 2 3296 785
https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

Модул 6
Посета за скенирање - запознавањена германските клиенти

ПРИДРУЖБА ОД СТРАНА НА ПРЕТСТАВНИК НА ДЕЛЕГАЦИЈАТА НА ГЕРМАНСКОТО СТОПАНСТВО ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на понудените услуги и врз основа на Вашите барања, наша цел е да организираме патување во Германија за Вас односно да организираме посета на поединечните локации и да договориме состаноци со соодветните локални институции, органи и претпријатија.

Ќе Ве придружуваме за време на Вашата посета во Германија:

- подготовка на патување
- договарање термини за состаноци со потенцијалните германски клиенти
- поддршка при резервација на транспорт и сместување
- советување и логистика
- поддршка и придружба на состаноци
- консекутивно толкување

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија
Бул. ВМРО 1
МК-1000 Скопје
Тел. +389 2 3296 785
https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

КОНТАКТ:

Марија Томова Спиркоски

Застапништво на саемите Минхен,
Келни саемот за играчки Нирнберг, Семинари
E-Mail: tomova@nordmazedonien.ahk.de

Рамадан Абдулаи

Советник за влез на пазарот Северна
Македонија, Албанија и Косово
Сениорски експертски сервис
E-Mail: abdulai@nordmazedonien.ahk.de

Делегација на Германското стопанство во Северна Македонија

Бул. ВМРО 1

МК-1000 Скопје

Тел. +389 2 3296 785

https://nordmazedonien.ahk.de/mk/

nordmazedonien.ahk.de

linkedin.com/in/ahk-mazedonienb966aa149

@AHKMaz